Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Министерство за транспорт и врски на ден 20. 08. 2019 година, донесе

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички план за вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија (фотонапонски панели), КО Манастирец, Општина Македонски Брод, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на web страната на Министерство за транспорт и врски, http://www.mtc.gov.mk/.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија (фотонапонски панели), КО Манастирец, Општина Македонски Брод нема да има влијание врз животната средина од следните причини: електроцентралите од обновливи извори на енергија (фотонапонски панели) не претставуваат значителни извори на емисии, кои можат да го нарушат квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето. Добиената енергија од обновливи извори има големи позитивни влијанија врз зачувување на квалитетот на животната средина и обезбедување на одржлив развој.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 24-7328/2

Место: Скопје

Министер

Горан Сугарески